**ГОВОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ, ЛОРД РАСЕЛ-ЏОНСОН НА СВЕЧЕНАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Скопје, среда 17 март 1999**

Почитуван Претседателе, почитувани пратеници, дами и господа,

Многу Ви благодарам за можноста да зборувам во вашиот Парламент, и за гостопримството што го уживам во вашата убава земја.

Во мојот инаугурален говор пред помалку од два месеца, реков дека, како новоизбран Претседател на Парламентарното Собрание, имам намера да обрнам особено внимание на два региона во рамките на реонот на Советот на Европа именo Јужниот Кавказ и Балканот.

Поради тоа, моите први официјални посети ме одведоа во Грузија и во вашата земја. Меѓутоа, причината за тоа не беше да реагирам на кризата, туку да потврдам и да оддадам признание за напредокот постигнат во двете земји во однос на зајакнувањето на демократските институции и придонесот за стабилноста во нивните односни региони.

Мојата посета овде, според мене, е во вистински момент. Таа доаѓа во критичен момент во напорите да се реши кризата на Косово. Придонесот на вашата земја кон овие напори е значаен и високо се цени.

Ова е исто така време на важен развој во вашите односи со соседите. Би сакал да ја споменам како особено охрабрувачка неодамнешната спогодба со соседна Бугарија за серија отворени прашања.

Господине Претседател,

Ние сме запознати со настаните кои следеа по распаѓањето на Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Две крвави војни беа започнати од авторитарниот режим во Белград, а третата се уште беснее на Косово и носи смрт и уништување на тамошните луѓе.

Сепак, во оваа трагична приказна, вашата земја беше и се уште е исклучок. Независноста беше постигната без насилство. Изборите беа спроведени, меѓународно набљудувани и оценети како слободни и фер.

Претставниците на националните малцинства земаат активно учество во политичкиот живот на земјата, а односите со соседните држави, и покрај бројните тешкотии, постојано се подобруваат.

Ова не е поради тоа што вам ви биле поделени подобри карти. Искрено речено, сите состојки за класично балканско буре барут беа тука - комплицикувана етничка мешавина, нерешени прашања со соседните држави, тешка економска состојба - но сепак, бурето барут не се запали. Затоа сакам да му оддадам признание на вашето раководство, особено на Претседателот Глигоров, чиешто храбро закрепнување по суровиот атавистички обид за атентат го поздравуваме, но најмногу на граѓаните на Македонија за нивната решеност да не ги повторат грешките на некои од своите соседи туку да работат заедно за да си обезбедат мирна и просперитетна иднина. Историјата постои да не научи на лекции, а не да не охрабрува да ги повторуваме нејзините грешки.

Јас сум оптимист, но не наивен. Свесен сум дека и натаму има проблеми, дека тензиите меѓу етничките мнозинства и малцинства сеуште постојат и дека некои спорадични искри можат, во секој момент, да се развијат во нешто посериозно. Јас не сум тука да ви држам лекција, но дозволете ми да кажам неколку пријателски зборови.

Држете се до патот кој го избравте! Тоа е патот што не само што ја носи Европа во вашиот дел на Балканот, туку и го носи Балканот во Европа. Најдоброто од Балканот неговиот човечки потенцијал и културно богатство. Вистинскиот одраз на доброто на Балканот кое, за жал, толку често

во блиското минато мораше да и го отстапи местото на сликата во која доминираат етничка омраза и војна.

Најдобриот компас кој може да се употреби на овој пат е толеранцијата. На крајот, животот во земјата не го одредуваат владите туку секојдневното однесување на луѓето. Јас еднаш го опишав мојот шкотски политички ментор, Либералот Џон Банерман, за кој вие никогаш не сте чуле, како "човек со неуредна љубезност". Љубезноста не е нешто што се наоѓа во политичките програми. Таа не може да биде воведена со законодавство.

Законодавството се однесува на дефинирање, што е можно попрецизно, на она што може да се направи и на она што не може да се направи. Тоа не е состојката која му ја дава бојата на општеството.

Тоа е начинот на кој граѓаните се однесуваат во секојдневните контакти еден со друг. Општо, законот ни кажува како да не се однесуваме. Тоа, секако е неопходно, но за да се создаде хармонично општество потребно е многу повеќе. Тоа бара приод, кој не само што има разбирање, зашто тоа може понекогаш да биде или да изгледа заштитнички, туку е и добронамерен.

И не прашува дали оние кои имаат корист од оваа добрина, истата ја заслужуваат.

Тоа се разбира воопшто не е лесно. Но, наградата е непроценлива во смисла на човечка среќа. Во вашиот случај, голема е одговорноста на мнозинството да обезбеди државата да биде еднаков дом за сите нејзини граѓани. Топло ги поздравувам неодамнешните мерки за градење доверба, како амнестијата, која вклучи ослободување на двајцата етнички Албанци, градоначалници на Гостивар и Тетово.

Постои и обврска на припадниците на етничките малцинства да ја прифатат, почитуваат и да бидат лојални на државата и нејзините институции. Многу е охрабрувачки да се види дека партиите кои ги претставуваат Албанците имаат континуирана застапеност во Владата **и** покрај смената на власта по последните избори. Јас бев присутен во салата во Стразбур на 27 септември 1995 да се ракувам со Стојан Андов, кога приемот на Република Македонија во Советот на Европа беше одобрен од нашето Собрание.

Да разговараме едни со други и да работиме заедно кон остварување на она што отсекогаш беше големиот европски идеал негување на јазичните, културните, етничките и верските разлики како катализатор за промени, прогрес **и** меѓусебно збогатување.

Господине Претседател,

Јас сум сеуште Преседател приправник, бидејќи бев избран, како што веќе реков, пред помалку од два месеца. Затоа дозволете ми да ја искористам оваа можност да елаборирам дел од приоритетни задачи кои си ги поставив пред себе да ги остварам за време на мојот мандат.

Овие задачи се однесуваат на три области. Прво, функционирањето на Собранието **и** исполнувањето на неговата улога во постигнувањето на главните цели на нашата организација: демократија, владеење на правото и заштита на човековите права.

Второ, улогата на Собранието како гаранција за демократската одговорност на Советот на Европа. Ова првенствено се однесува на врската на Собранието со одлучувачкото тело на организацијата Комитетот на Министри.

Трето, местото и улогата на Советот на Европа во европската архитектура, особено нејзините обврски во однос на демократската безбедност на целиот европскsl континент.

Што се однесува до првата точка, Собранието има развиено значаен инструмент постапка на набљудување. Ова беше длабока промена, која се роди од потребата

за зголемено членство, иако нејзината надлежност не е на ниеден начин ограничена на новите земји членки.

Една работа треба да ни биде јасна. Пристапот во Советот на Европа, или долгогодишното членство, не значи безусловно и неменливо признавање на совршено почитување на нашите принципи и вредности, ниту пак тоа обезбедува автоматски имунитет на било каква критика или санкција.

Постојат многу проблеми кај нашите земји членки, често сериозни. Собранието е подготвено да слуша, да поттикне на дијалог и да помогне. Најпосле, ова беше, преовладувачки мотив за воведување на постапката на набљудување.

Сепак, ние не треба, и нема да толерираме постојани кршења на нашите принципи и вредности. Можеме да ги разбереме објективните околности и транзиционите потешкотии, доколку имаме доказ за јасна политичка волја и конкретна активност за надминување на истите. Доколку тоа не се случи, спремни сме одлучно да делуваме. Смислата на нашето постоење е да ги одржиме и да ги подигнеме стандардите.

Вториот значаен инструмент на политичка активност на Собранието е парламентарната дипломатија. Како пратеници, имаме значаен потенцијал за дијалог и посредување меѓу различни политички сили и понекогаш можеме да успееме таму каде што владите не можат.

Така, пред два дена имав средба со претседателите на парламентите на трите јужно кавкаски земји Ерменија, Азербејџан и Грузија, кои позитивно одговорија на мојата покана и дојдоа во Стразбур да дискутираат за можностите за Интер парламентарна соработка во регионот. Конкретен резултат од оваа средба е одлуката да се започне со серија трипартитни парламентарни состаноци, под покровителство на Парламентарното Собрание, кои што треба да се одржат последователно во трите главни града оваа година.

Минатиот петок, беше одржан парламентарен разговор за идниниот политички статус на Косово, организиран од Комитетот за политички прашања и со учество на политички сили од сите делови на Сојузна Република Југославија.

Спроти продолжувањето на преговорите од Рамбује и во присуство на специјалниот пратеник на ЕУ, Амбасадорот Петрич, им беше дадена можност не само на Србите од Србија и косовските Албанци, туку и на косовските Срби, етничките Унгарци и останатите од Војводина, муслиманите од Санџак и Црногорците да ги изразат своите погледи за времената спогодба за Косово. Продолжение на оваа значајна иницијатива ќе биде дискусијата организирана во текот на априлската седница на Собранието во Стразбур.

Третата значајна активност на Собранието, за која што имам намера да дадам моја целосна поддршка, е употребата на Собранието како политички форум за дискутирање на "жешки" политички и социјални прашања. Не треба да се воздржуваме да дискутираме за прашања кои се контроверзни, чувствителни, или можат да предизвикаат раздор. Собранието не е, и не треба да стане машина за бележење на консензус. Доколку предметот спаѓа во надлежност на нашата организација, ние треба да дискутираме за него. Тоа е наша должност и најдобар начин да придонесеме кон напорите на нашите земји членки да најдат решенија за ургентните политички и социјални прашања. Неодамна имавме дискусија за користењето на животински трансплатации во медицината. Извештајот за илегалните активности на сектите ќе биде дискутиран во Април, а извештајот за политичкиот екстремизам во нашите земји членки е во подготовка.

Доказ за релевантноста и потребата за вакви дискусии е интересот и повратната реакција што ја добиваме од националните парламенти и јавноста.

Што се однесува до третата точка односот меѓу Собранието и Комитетот на Министрите, на неодамнешната дискусија на Собранието по извешајот на Комитетот на мудри луѓе произлегоа многу конкретни предлози. Бидејќи не сакам да навлегувам во детали, дозволете ми да дадам една генерална забелешка.

Парламентарното собрание е единствено тело во европската и меѓународната институционална архитектура. Тоа ги соединува членовите на парламентитв, претставници на 770 милиони Европејци. Нашата двојна улога на национални и европски парламентарци не претставува хендикеп. Напротив, таа претставува комуникациска врска што ја зголемува релевантноста и одговорноста на собраниската активност како и обезбедување на евпроска димензија на работата на националните парламенти.

Собранието, за разлика од другите евролски парламентарни тела, со исклучок на еврпоскиот Парламент, речиси постојано заседава, или преку неговите пленарни седници или преку неговите комитети. Тоа ја претставува Европа на парламентарците, обезбедувајќи демократска легитимност на Европа на владите и меѓународните државни службеници.

Со цел да ја исполни оваа улога, на Собранието му треба поголем збор во распоредувањето и управувањето со неговите средства. Исто така, потребно му е да биде потесно вклучено во процесот на донесување на одлуки на организацијата на пример во елаборирањето на конвенции.

Во тој поглед, ние ги дадовме нашите предлози до Комитетот на Министри, и со голем интерес и нетрпение го очекуваме нивниот одговор.

Господине Претседател,

Советот на Европа е основан пред педесет години по ужасната, уништувачка, крвава војна со задача да ја штити демократијата, владеењето на законот и човековите права. Оттогаш се случија многу промени, и Европа во која денес живееме е многу поинаква. Овие промени не принудија да ги прилагодиме нашите структури, да создадеме нови методи и да ги измениме постапките, но нашите примарни задачи и натаму се исти.

Организацијата разви тело на правни инструменти кои го овозможија процесот на европската интеграција. Истите правни инструменти, заедно со програмите за помош на поранешните комунистички земји, обезбедија значаен придонес за нивната транзиција кон демократија. Советот на Европа и натаму нуди ненадмината основа за се европска меѓувладина соработка.

Советот на Европа воспостави и единствен механизам за правно спроведување на неговиот клучен правен инструмент Европската конвенција за човековите права и основните слободи. Неодамна воспоставениот Единствен Суд треба значително да ја зајакне нејзината ефикасност.

Во изменетата геополитичка реалност на Европа денес, нашата Организација претставува значајно и незаменливо средство за навремено спречување на конфликти и за долгорочна постконфликтна рехабилитација. Со цел ова средство да стане потполно ефикасно, треба соодветно да биде призната политичката улога на Организацијата. Нејзината "тежина" во рамките на меѓународната заедница, значењето што и го даваат владите, како и средствата што тие се подготвени да и ги стават на располагање, се фактори што го одредуваат успехот или неуспехот на активностите на Организацијата во одбраната на демократијата, човековите права и владеењето на правото.

Во овој контекст, неопходно е појаснување на местото и улогата на Советот на Европа во однос на другите европски и меѓународни организации.

Дозволете ми да го употребам случајот на Косово како илустрација. Јасно е дека Советот на Европа не е во позиција да ја врши работата на Косовската верификациона мисија на ОБСЕ, ниту пак ги има средствата на Европската Унија за да обезбеди економски поттик за политичко решение.

Од друга страна, никој не може адекватно да го замени Советот на Европа во однос на помошта за идните косовски институции во градењето демократија, почитувањето на

владеењето на правото и заштитата на човековите права. Никој друг освен Советот на Европа не треба да суди дали тие, во нивните идни активности, ќе ги почитуваат меѓународните обврски засновани на или инспирирани од принципите и инструментите на Советот на Европа.

Во решавањето на кризата во Европа, ОБСЕ има средства за брзо дејствување, додека активностите на Советот на Европа се замислени како долготрајни. Меѓународната заедница треба да ги користи и двете организации зашто се комплементарни. Ако одите на доктор зашто сте настинати, тој нема да ве праша дали сакате да се чувствувате подобро веднаш или подоцна, зашто генерално се претпоставува дека сакате да оздравите бргу и да продолжите да се чувствувате добро.

Друг елемент кој влијае на меѓународното признавање на Советот на Европа како чувар на човековите права во Европа е ставот на Соединетите Држави.

Иако политички блиски, Соединетите Држави и повеќето земји членки на Советот на Европа немаат идентичен поглед на сите аспекти на човековите права. Философиите што се во основа на нивната политика понекогаш значително се разликуваат. Прашањето на смртната казна е најевидентен пример за таквите разлики, и вие сигурно сите се сеќавате на контроверзноста и индигнацијата во Европа по неодамнешната егзекуција на двајца германски граѓани во Соединетите Држави.

Оваа различност на поглвдите не треба да се потценува. Укинувањето на смртната казна ширум Европа стана еден од клучните приоритети, не само на Парламентарното Собрание, туку и на Советот на Европа како целина. Тоа е симбол на нашиот концепт на цивилизирано однесување.

Ова, се разбира, е значителен проблем за Соединетите Држави. Кога тие би го прифатиле Советот на Европа како неспорен авторитет на полето на човековите права, во исто време имплицитно би ја признале смртната казна како кршење на овие права, Не можејќи да го сторат тоа, тие решија во голема мерка да ја игнорираат стручноста, работата и постигнувањата на нашата Организација.

Во Извештајот на Стејт Департментот за човековите права за 1998 година, работата на Советот на Европа во 40-те земји членки и во земјите кандидати за членство доби малку или воопшто не доби внимание.

Имајќи ги предвид улогата и влијанието на Соединетите Држави во светот по Студената војна, јасно е дека таквиот став е голем товар за нашата Организација. Од очигледни причини, нашите земји членки се двоумат отворено да му се спротивставаат на еден важен политички сојузник и економски партнер по едно толку чувствително прашање. Меѓутоа, тие многу бргу ќе треба да заземат јасен став во однос на ова прашање, доколку сакаат да ја зачуваат европската визија за заштитата на човековите права и нашите постигнувања на ова поле.

Почитуван Претседателе, избран сум за Претседател на Парламентарното Собрание во период кој во исто време е исполнет со предизвици, но и со надеж.

Исполнет е со предизвици зашто се наоѓаме среде можеби, најтешката и најзначајната задача со која нашата Организација некогаш се соочила да се прошири областа на стабилност и безбедност ширум европскиот континент. Задача која и покрај значителните постигнувања е далеку од завршена.

Надежта која сите ја делиме е дека ќе успееме и дека на нашите деца ќе им оставиме во наследство подобра, поправедна и помирна Европа. Привилегија и чест ми е да му служам на Собранието во овој историски момент,

Дозволете ми, г-дине Претседател, да завршам цитирајќи го вашиот национален херој Гоце Делчев кој рекол: Го сфаќам светот како поле за културен натпревар меѓу народите."

Оваа порака ја разбирам како длабоко хуманистичка и космополитска, во која зборот "натпревар", како и во спортот, треба да се сфати во неговото најблагородно значење, како вежба заснована на взаемно почитување и учење, во која крајната цел не е да се победи, туку да се усовршиме себе си.

Утре ќе имам можност да го посетам Охрид и веројатно да изедам една, или можеби две, од прочуените пастрмки од Езерото, со кои, како што слушам, секојдневно се гости вашиот Претседател, и на кои им ги припишува своето здравје и активност.

Ќе видам и дел од убавините на вашата земја. Ако сте имале доволно среќа да ви биде дадено да живеете во земја на убавини - што во никој случај не им е дадено на сите - верувам дека тоа ви создава особена должност да возвратите со хармонија која ќе биде во склад со оваа убавина.

Сигурен сум дека (последниот ред е отсечен од факсот!!) Благодарам.

**ЛОРД РАСЕЛ-ЏОНСОН ПРАТЕНИК ОД ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКАТА ПАРТИЈА ЗА ИНВЕРНЕС,**

**НАРН И ЛОКАБЕР 1964 -1997**

Изборна единица Инвернес до јуни 1983

Пратеник со најдолг стаж во изборната единица

СОВЕТ НА ЕВРОПА ПАРЛАМЕНТАРНОСОБРАНИЕ

**ДАТУМ И МЕСТО НА РАЃАЊЕ:**

26 ЈУЛИ 1932, Единбург (Шкотска, Обединето Кралство)

**СЕМЕЈСТВО:**

Се оженил со Џоан Греам Мензис во Инвернес, во 1967 3 сина, Греам, р.1972; Дејвид, р.1974; Ендрју, р.1978

**ОБРАЗОВАНИЕ:**

Државно училиште Карбост, Средно училиште Портри, Универзитет во Единбург: (Магистратура од обласа на историјата), Претседател на Друштвото Хајленд, Член на Студентскиот претставнички извршен совет, го дели првото место на Дебатниот трофеј на Шкотска во 1956 и 1957. Го обновува Либералниот универзитетски клуб; Претседател 1955-1956

**ВОЕНА СЛУЖБА:**

1958-59 воена служба: распореден во Разузнувачкиот корпус и Втората британска разузнувачка единица, Берлин

**КАРИЕРА:**

1961-63 професор по историја, Средно училиште Либертон, Единбург

септември 1963, назначен за Помошник за истражувања во Шкотската либерална партија

1964 избран за пратеник во Парламентот од Инвернес

1964-70 парламентарен советник во Образовниот институт на Шкотска

1967-70 парламентарен портпарол, Шкотска национална федерација за добробит на слепите

1977 парламентарен претставник, Кралски национален институт за слепите (и двете функции на доброволна основа)

1971-75 парламентарен советник за Шкотската полициска федерација 1985 доделена му е титулата витез

1997 Доживотен британски благородник како Лорд Расел-Џонсон, од Мингиниш, Хајленд

**ПОЛИТИЧКА АКТИВНОСТ:**

1961 избран во извршното тело на Шкотската либерална партија

1962 Организационен комитет

1963 Заменик претседавач
1970-74 Претседавач

1974-88 Лидер, Шкотска либерална партија

Парламентарен портпарол за:

1964-68 образование

1970-73, 75-83, 85-87 Шкотска

1985 пренесување на овластувањата

1983-85 одбрана

1970-75, 79-85 надворешни работи и Комонвелт

1987 Сојузнички портпарол за Шкотска, прашања за Европската Заедница 1987 повторно назначен за Портпарол за надворешни работи и Комонвелт (вклучувајќи и прекуморски развој) и прашања за Европската заедница 1988-92 Член, Долен дом, Комисија за привилегии

1988-94 Претседател, Либерал демократи на Шкотска

1986-89 Заменик лидер на Пратеничката група

Парламентарен портпарол за:

1988-89 надворешни работи и Комонвелт

1988-89 европски прашања

1989-94 односи исток-запад

1994 Централна и Источна Европа

1973-75, 1976-79 Член на Европскиот парламент

1976-79 Потпретседател на парламентарната Политичка комисија

1990-92 Потпретседател, ЕЛДР

1984-86 и 1987, Член, Собранија на Западно Европската Унија и Советот на Европа

1992 Потпретседател, Група на ЛДР, ЗЕУ

1996 Претседател, Комисија за парламент и односи со јавноста, ЗЕУ

1996 Претседател, Поткомитет за млади и спорт, Совет на Европа

1996 Претседавач, Комисија за култура и образование, Совет на Европа 1994 Лидер, Совет на Европа, Група на либерали, демократи и реформисти

**ОСТАНАТИ ИНТЕРЕСИ:**

читање, фотографија, шинтоизам. Поранешен претседател на Шинти клубот при Универзитетот во Единбург

1987-89 Потпретседател на Асоцијацијата Каманахд

1986-92 Покровител, Национална колекција на животни стории

**АДРЕСА:**

Горен Дом, Лондон –GB-SW1A OPW

Tel;+440-1712195353